**Влада на Република Северна Македонија**
Бр.4401-17/66

# З А П И С Н И К
од Шеесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 13 јуни 2020 година

Скопје, јуни 2020 година

## З А П И С Н И К
## од Шеесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 јуни 2020 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 19:56 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски.

На седницата учествуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Хусни Исмаили, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата учествуваа и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, Славјанка Петровска, дополнителен заменик на министерот за внатрешни работи, како и Лирим Шабани, државен секретар во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчевски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваше заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки.

*

*  *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Записник од Седумдесет и четвртиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 13 јуни 2020 година

2. Информација за барањата кои ги исполнуваат критериумите од Јавниот повик бр.1 за кредити од Кредитната линија од Компензационите фондови со цел намалување на последиците од Коронавирусот COVID-19 (Список бр.3)

3. Информација за барањата кои ги исполнуваат критериумите од Јавниот повик бр.1 за кредити од Кредитната линија од Компензационите фондови со цел намалување на последиците од Коронавирусот COVID-19 (Список бр.4)

4. Предлог - уредба со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта за време на вонредна состојба

5. Предлог - уредба со законска сила за регистрација на возила со странски регистарски таблици затекнати на територијата на Република Северна Македонија

6. Предлог - уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на граѓани и вработени лица со низок доход, млади лица и здравствени работници преку издавање на домашна платежна картичка наменета за купување на македонски производи и услуги за време на вонредна состојба

7. Предлог - уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за формирање Фонд за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од COVID-19

8. Предлог - одлука за изменување и дополнување на Одлуката за начинот на исплата на средства од сметката за донација на фондот за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од коронавирусот COVID - 19

9. Информација за потребата од проверка на веродостојноста на дадените податоци до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна

Македонија, согласно Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на граѓани и вработени лица со низок доход, млади лица и здравствени работници преку издавање на домашна платежна картичка наменета за купување македонски производи и услуги за време на вонредна состојба

10. Информација за престанок и давање на трајно користење на движни ствари од Министерството за финансии на институции корисници на проекти финансирани од Инструментот за претпристапна помош (ИПА), со предлог - одлуки

11. Предлог - уредба со законска сила за начин на наплата на надоместоците од страна на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија од радиодифузерите кои вршат радио емитување за време на вонредна состојба

12. Предлог - одлука за изменување на Одлуката за формирање на дигитален форум за информатичко комуникациски технологии

13. Предлог - решение за изменување на Решението за назначување на членови на дигиталниот форум за информатичко комуникациски технологии

14. Предлог - одлука за распределба на финансиски средства наменети за финансиска поддршка на здруженија и фондации за мерки за справување со КОВИД-19 кризата

15. Информација за реализација на мерката 1.3 од Третиот сет економски мерки за ревитализирање и рестарт на економијата во услови на COVID-19

16. Предлог - уредба со законска сила за доделување на средства на ученици запишани во јавните средни училишта за купување на училишен прибор, а кои се од семејства со ниски приходи за време на вонредна состојба

17. Предлог - уредба со законска сила за издавање на ваучери на млади лица за стекнување со информатичко-технолошки и дигитални вештини заради подобрување на нивната конкурентност на пазарот на труд за време на вонредна состојба

18. Предлог - уредба со законска сила за плаќање на дел од партиципацијата во трошоците за студирање за студенти, партиципација за сместување во студентски дом и партиципација на трошоците за приватно сместување на студенти чие образование се финансира од буџетот на Република Северна Македонија, а се од семејства со ниски приходи за време на вонредна состојба

19. Информација за давање мислење за основање на основно училиште „Лирија " с.Бузалково - Општина Велес со две подрачни училишта во с.Сливник и с.Бузалково

20. Информација за давање мислење за основање на основно училиште „Перпарими" с.Крушопек во Општина Сарај

21. Кадровски прашања

22. Прашања и предлози

*

*  *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа Записникот од Седумдесет и четвртиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 13 јуни 2020 година и согласно предлозите изнесени во расправата на седницата ги усвои следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Седумдесет и четвртиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 13 јуни 2020 година.

2. Го усвои Протоколот за непречен транзит на странски државјани низ територијата на Република Северна Македонија, кој да се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Согласно ова, Владата донесе Одлука за дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата за барањата кои ги исполнуваат критериумите од Јавниот повик бр.1 за кредити од Кредитната линија од Компензационите фондови со цел намалување на последиците од Коронавирусот COVID-19 (Список бр.3), ја усвои и заклучи да и препорача на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје да склучи договори за кредит со кредитобарателите кои ги исполнуваат критериумите во Јавниот повик бр.1, наведени во Список бр.3.

Истовремено, имајќи го предвид големиот интерес за кредити од овие кредитни линии од компензационите фондови, Владата заклучи Министерството за финансии да ја разгледа можноста да се обезбедат дополнителни средства кои може да бидат обезбедени од Третиот сет на економски мерки донесени од Владата (и во случај на нецелосно искористување на средствата предвидени во мерките од овој сет), со цел излегување во пресрет и на останатите заинтересирани компании кои аплицирале на јавните повици.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата за барањата кои ги исполнуваат критериумите од Јавниот повик бр.1 за кредити од Кредитната линија од Компензационите фондови со цел намалување на последиците од Коронавирусот COVID-19 (Список бр.4), ја усвои и заклучи да и препорача на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје да склучи договори за кредит со кредитобарателите кои ги исполнуваат критериумите во Јавниот повик бр.1, наведени во Список бр.4.

**Точка 4**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за поврзување на локални патишта за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата ја симна од Дневен ред Предлог - уредбата со законска сила за регистрација на возила со странски регистарски таблици затекнати на територијата на Република Северна Македонија.

**Точка 6**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на граѓани и вработени лица со низок доход, млади лица и здравствени работници преку издавање на домашна платежна картичка наменета за купување на македонски производи и услуги за време на вонредна состојба (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за формирање Фонд за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од COVID-19, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за начинот на исплата на средства од сметката за донација на фондот за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од Коронавирусот COVID - 19, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од проверка на веродостојноста на дадените податоци до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, согласно Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на граѓани и вработени лица со низок доход, млади лица и здравствени работници

преку издавање на домашна платежна картичка наменета за купување македонски производи и услуги за време на вонредна состојба и ја усвои, со следните заклучоци:

1. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да ја достави Листата со констатирани неверодостојни податоци до надлежните институции, со цел проверка на веродостојноста на истите, како и во рок од два дена до Владата да достават образложение како и на кој начин се внесени овие лица и податоци во листите од ресорните институции.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во иднина при констатирани вакви неверодостојни податоци да доставува листа од истите до надлежните институции, со цел проверка на веродостојноста на истите, а ресорните институции во рок од два дена од добивање на листата до Владата да достават образложение како и на кој начин се внесени овие лица и податоци во истите.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за престанок и давање на трајно користење на движни ствари од Министерството за финансии на Институции корисници на проекти финансирани од Инструментот за претпристапна помош (ИПА), со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе одлуките со заклучок предлагачот да изврши усогласување на текстовите на истите со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 11**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за начин на наплата на надоместоците од страна на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија од радиодифузерите кои вршат радио емитување за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за формирање на Дигитален форум за информатичко комуникациски технологии, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата го донесе Решението за изменување на Решението за назначување на членови на дигиталниот форум за информатичко комуникациски технологии (нов текст), со заклучок да се изврши редакциско подобрување на текстот на Решението согласно укажувањето на Секретаријатот за законодавство.

**Точка 14**

Владата ја донесе Одлуката за распределба на финансиски средства наменети за финансиска поддршка на здруженија и фондации за мерки за справување со КОВИД-19 кризата со заклучок:

- Здружението Мултикултура Тетово, како пониско рангирано, да се замени со Здружението за култура и уметност Традита Тетово, како Здружение рангирано со повеќе бодови и
- основот на Одлуката да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 15**

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за реализација на мерката 1.3 од Третиот сет економски мерки за ревитализирање и рестарт на економијата во услови на COVID-19 и даде согласност ваучерите за средношколци кои доаѓаат од семејства со ниски приходи во максимален износ до 3.000 денари да се искористат за купување на училишен прибор.

**Точка 16**

Владата го донесе најновиот текст на Уредбата со законска сила за доделување на финансиски поддршка на ученици запишани во јавните средни училишта за купување на училишен прибор, а кои се од семејни домаќинства со низок доход, за време на вонредна состојба, со заклучок Финансиската поддршка за купување на училишен прибор за учениците да изнесува до 3.000 денари.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Предлог - уредбата со законска сила за издавање на ваучери на млади лица за обуки за дигитални вештини заради подобрување на нивната конкурентност на пазарот на трудот за време на вонредна состојба, и го донесе најновиот текст на Уредбата (Алтернатива 2), во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за плаќање на дел од партиципацијата во трошоците за студирање за студенти, партиципација за сместување во студентски дом и партиципација на трошоците за приватно сместување на студенти чие образование се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија, а се од семејни домаќинства со низок доход, за време на вонредна состојба (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за давање мислење за основање на основно училиште „Лирија“ во с.Бузалково - Општина Велес со две подрачни училишта во с.Сливник и с.Бузалково и даде позитивно мислење за основање на ново основно училиште „Лирија“  во с.Бузалково – Велес.

**Точка 20**

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за давање мислење за основање на основно училиште „Перпарими“ во с.Крушопек во Општина Сарај и даде позитивно

мислење за основање на ново основно училиште „Перпарими“ во с.Крушопек-Сарај.

**Точка 21**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 22**

**1.** Владата на предлог на Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација го задолжи Министерството за финансии да даде согласност за вработување на неопределено време на 45 лица (техничари), кои подолг период работеле со договори на определено време во ЈП Национална радиодифузија-Скопје.

Овој заклучок е усвоен со еден глас воздржан.

**2.** Владата го разгледа Барањето за исплата на надоместок на административните службеници во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија кои беа ангажирани во периодот со справување со Коронавирусот, доставено под број 17-5544/1 од 13 јуни 2020 година и заклучи да се изнајде начин за исплата на надоместок на административните службеници во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија кои беа ангажирани во периодот со справување со Коронавирусот.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 21:45 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА
МАКЕДОНИЈА

**д-р Драги Рашковски**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА
МАКЕДОНИЈА

**Оливер Спасовски**

Подготвил: Никола Пасков
Контролирал: Љубица Р. Димовска
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска